Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

100 години

Број 515 www.mchamber.mk 27.01.2023

# Програми и мерки за поддршка на домашните извозници презентирани на седница на Клубот на извозници






## ПРАКТИЧНАТА ОБУКА - СУШТИНА НА СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

стр. 4

# ПОКРОВИТЕЛИ
НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ПРЕМИУМ Покровители

## СТАНДАРД Покровители

## СИЛВЕР Покровители





Посетете : www.mchamber.mk

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




# ПРВА СЕДНИЦА НА АСОЦИЈАЦИЈАТА НА ОСИГУРИТЕЛНО-БРОКЕРСКИТЕ ДРУШТВА ВО 2023 ГОДИНА



Асоцијацијата на осигурително-брокерските друштва при Стопанската комора на Северна Македонија на 25 јануари ја одржа својата прва редовна седница во 2023 година. На седницата се дискутираше за актуелни теми и состојби во оваа дејност, проблемите со кои се соочуваат осигурителните брокерски друштва, обврските за известување кон Агенцијата за супервизија на осигурување (АСО), како и за активности кои треба да допринесат за раст на дејноста.

На седницата беа поканети и претставници од Агенцијата за супервизија на осигурување со кои осигурителните брокерски друштва ги дискутираа тековните законски обврски за известување кон АСО и можноста за унапредување на одредени решенија предвидени во правилниците и упатствата на супервизорот. За таа цел ќе се формира работна група од членките на Асоцијацијата на осигурително – брокерските друштва која заедно со АСО ќе работи на унапредување и допрецизирање на одредени практични решенија.

Претставниците на седницата заклучија дека за развој на дејноста потребна е поголема едукација на клиентите, правни и физички лица, за предностите од користењето на услугите кои ги даваат осигурително брокерските друштва и запознавање со нивната работа. За таа цел, ќе се организираат едукативни настани, како и отворен ден во Комората. Асоцијацијата ќе превземе и други активности кои значат афирмација на осигурителната дејност и доближување до европската регулатива и стандарди на работење.

# ПРАКТИЧНАТА ОБУКА - СУШТИНА НА СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ



***м-р Наташа Јаневска***
***Проектен менаџер во Стручната служба на Комората***

„Практичната обука е суштина на стручното образование во создавањето кадар за потребите на бизнис заедницата и тоа не е индивидуална работа, туку процес во кој мора да бидат вклучени сите за да се постигне целта“, истакна д-р Татјана Штерјова Душковска, генарален секретар на Коморскиот инвестициски форум за шестте земји од Западен Балкан на дводневната регионална работилница на Техничкиот советодавен комитет во рамките на Коморскиот инвестициски форум, која се одржа во хотелот „Холидеј ИН“ во Скопје, на 25 и 26 јануари во организација на Коморскиот инвестициски форум, Регионалниот фонд за предизвици и Германската развојна банка (KFW).

„Со зголемување на бројот на компании во конзорциумите на повиците за доделување на грантот се смени парадигмата за инертноста на компаниите, па тие почнаа да се препознаваат дека се вклучени во процесот на создавање кадар“, потенцираше д-р Штерјова Душковска.

На работилницата беа презентирани резултатите од првата фаза на вториот регионален повик за доделување на грантот од 150.000 до 600.000 евра, средства одобрени од Германското сојузно министерство за економска соработка и развој, а кои се исплаќаат преку Германската развојна банка, за конзорциуми од едно стручно училиште и најмалку две компании како поттик за зајакнување на квалитетот и релевантноста на стручното образование и обука.

Добиените средства од грантот, конзорциумите од регионот од шестте земји на Западен Балкан, ќе ги искористат за снабдување со машини и опрема за реализација на образовните програми за одредени квалификациии; за изградба и реновирање на работилници и лаборатории; за обуки за професионален развој на наставниците и менторите во компаниите, како и за снабдување на средства за обука со што ќе се зајакне практичниот аспект на обуката. За разлика од првиот повик на кој учествуваа претежно големи компании, во вториот повик учество зедоа мали и средни компании на регионално и на национално ниво



што е позитивен показател за свесноста на компаниите сами да учествуваат во создавањето на својот кадар.

На првиот повик, во нашата земја, грантот го добија 8 конзорциуми и тоа: 7 стручни училишта, 1 факултет и 29 компании, додека на вториот повик добитници на грантот се: 3 училишта за стручно образование и обука, 1 мешано училиште (гимназиско и стручно), 2 факултета и 37 претпријатија.

Свое обраќање на работилницата имаа и Викторија Веидт од Германската развојна банка (KFW) и Лусиен Егертер, Заменик шеф на мисија, Амбасада на Швајцарија во Република Северна Македонија. Во поддршката на зајакнување на квалитетот и релевантноста на стручното образование и обука, заедно со Германската развојната банка, со финансирање преку Регионалниот фонд за предизвици, се вклучи и Владата на Швајцарија преку Швајцарска ангенција за развој и соработка.

Покрај претставници од Регионалниот фонд за предизвици, како и членови од Техничкиот советодавен комитет од шесте земји на Западен Балкан (комори и образовни институции) и од Германската развојна банка, на работилницата присуствуваа и претставници од регионални организации и проекти кои даваат поддршка за истата цел - зајакнување на квалитетот и релевантноста на стручното образование и обука: Секретаријатот за иницијативи за образовни реформи во Југоисточна Европа (ЕРИСЕЕ), „Хелветас“ од Швајцарија, Австриската агенција за развој (ОЕАД), ГИЗ од Австрија, УСАИД и Свис Контакт.

Главните теми на кои се работеше на работилницата беа:

1. мотивирање на компаниите да учествуваат во реализација на практичната обука;
2. градење на капацитетите на установите за стручно образование и обука за подготовка, имплементација и набљудување на практичната обука;
3. привлекување учениците да се запишуваат во стручните училишта;
4. поддршка на учениците во кариерниiот развој;
5. дигитализација во стручното образование и обука.

# Програми и мерки за поддршка на домашните извозници презентирани на седница на Клубот на извозници



Клубот на извозници при Стопанската комора на Северна Македонија на 26.01.2023 година одржа редовна седница на која се дискутираше за актуелни можности и отворени повици за поддршка на домашните извозници и предлози за креирање на мерки за промоција на македонскиот извоз на странските пазари.

Јасмина Мајстороска, раководител на Сектор за индустриска и инвестициска политика при министерството за економија ја презентираше Нацрт-програмата за поддршка на конкурентноста на преработувачка индустрија за 2023 година. Во делот на поддршката на извозните компании се предвидени мерки за кофинансирање за изработка на стратегија за извоз, студии за истражување на пазарот, маркетинг стратегија или активности за развој на бренд во износ од 50% од докажаните трошоци или најмногу 300.000 денари поединечно за секој деловен субјект, набавка, имплементација, сертификација и обука за меѓународни стандарди за квалитет и друго. Програмата за поддршка на конкурентноста на преработувачка индустрија за 2023 година во моментов е во владина процедура, а отворените повици за аплицирање на дел од мерките ќе бидат распишани во текот на месец февруари.

Претседателот на Клубот на извозници проф. д-р Дарко Лазаров истакна дека Клубот и Комората им стои на располагање на компаниите преку професионална, експертска и техничка помош при аплицирање и користење на средствата за поддршка на македонските извозници.



Презентирајќи ги останатите мерки што се на располагање во рамки на два проекта коишто Стопанската комора ги спроведува, оперативниот директор за претставување на членките и вмрежување во Стручната службана на Комората, Билјана Пеева-Ѓуриќ, пред присутните на состанокот истакна дека во рамки на „Програмата за развој на снабдувачи", а со поддршка од Европската комисија, 60 избрани МСП од регионот на Западен Балкан ќе имаат шанса да добијат бесплатна помош за да ги пласираат нивните производи на пазарите на ЕУ.

Програмата која е отворена до 6 февруари е наменета за компании од три сектори:

- преработка на овошје и зеленчук,
- производство на машини и делови за машини,
- производство алкохолни пијалаци (вино, вињак/ракија итн.).

Исто така, по повод пет години од формирањето на заедничкиот регионален пазар на Западен Балкан, Коморскиот инвестициски форум на Западен Балкан 6, со поддршка на Европската комисија, беше најавен и отворениот повик за учество на регионалниот натпревар за компании од шесте земји на Западен Балкан, на којшто ќе бидат доделени 21 награда во шест категории.

Пред присутните беа најавени и петте повици за поддршка на извозно ориентираните компании во процесот на градење на нивните извозни капацитети во рамки на Проектот "Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција", кој се спроведува во партнерство со УСАИД , а кои се објавени на коморскиот портал www.mchamber.mk. Повиците опфаќаат директна помош на компаниите преку развој на Стратегии/Планови за извоз на пазарите, дигитална трансформација, имплементација на меѓународни стандарди за квалитет и циркуларна економија, техничка помош за пристап до финансии, за кои избраните компании ќе имат техничка поддршка од страна на консултанти кои се експерти во дадената област.

Анета Димовска, проектен менаџер во Стопанската комора ги пренесе целите од отворениот повик на партнерската организација Македонија 2025 во рамки на Програмата за развој на МСП поддржана од Фондацијата Битов.

На седницата присутните извозни компании се запознаа со начинот на креирање алатки за унапредување на јавно приватниот дијалог и создавање на подобра деловна средина за извозно ориентираните компании преку работата на Национален совет за извоз кој Стопанската комора на Северна Македонија ќе го основа во престојниот период.

На крај на состанокот присутните компании дискутираа за механизмите на комуникација за приоритетни прашања и барањата на членките на Клубот на извозници за дизајнирање мерки за помош на домашните ориентирани компании имајќи го предвид суштинското значење на извозот за нашата економија.

EXPORTERS' CLUB
ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA®

# Одржана седница на Здружението на дрвната и графичката индустрија и на издавачката дејност




На 25.1.2023 година во 11 часот беше одржана седница на Здружението на дрвната и графичката индустрија и на издавачката дејност, која беше реализирана виртуелно на барање на компаниите. На седницата беа разгледани актуелните состојби и тековни движења во дрвната и графичката индустрија и во издавачката дејност.

Кај индустријата за преработка на дрво и на производи од дрво увозот за 11 (единаесет) месеци од 2022 година изнесува 99,03 илјади тони или 76,1 милиони американски долари, а, пак, увозот на дрво и на плута во тој период изнесува 113,1 илјади тони или 32,4 милиони американски долари. Кај индустријата за производство на мебел, негови делови, постелнина и сл. увозот за 11 (единаесет) месеци од 2022 година изнесува 22,6 илјади тони или 105,7 милиони американски долари.

Кај индустријата за преработка на дрво и на производи од дрво извозот за 11 (единаесет) месеци од 2022 година изнесува 15,5 илијади тони или 8,6 милиони американски долари, а извозот на дрво и на плута за истиот период од 2022 година изнесува 12,02 илјади тони или 2,6 милиони американски долари. Кај индустријата за производство на мебел, негови делови, постелнина и сл. увозот за 11 (единаесет) месеци од 2022 година изнесува 35,9 илјади тони или 315,07 милиони американски долари.



Овие податоци укажуваат на слабото користење на домашниот расположлив потенцијал во шумарството.

Имајќи ги предвид наведените неповолни движења во дрвната индустрија, како во производството така и во надворешно-трговската размена во последниве две години, оцената е дека увозот и натаму ќе го истиснува домашниот производител од домашниот пазар. Оттаму, императив се условите за обезбедување повисок степен на конкурентност на домашните производи од оваа гранка, со дефинирање мерки и активности за позитивна динамика.

Перспективите за 2023 година во овој сектор не се розови, особено на за извозно ориентираните компании, со оглед на незавршената сертификација на шумите од ЈП „Национални шуми“.

Во однос на извозно-увозните показатели во индустријата за хартија и целулоза, во графичката индустрија и во издавачката дејност, производството, во најголем дел, е насочено спрема потребите на домашниот пазар. Кај индустријата за хартија, целулоза и за производи од хартија извозот за 11 (единаесет) месеци од 2022 година изнесува 23,2 илјади тони, односно 28,8 илјади американски долари, а увозот за единаесет месеци од 2022 година е 108,3 илјади тони, односно 162,9 илјади американски долари, што укажува на фактот дека Република Северна Македонија и натаму е увозно зависна.

Во делот на целулозата и на отпадоците од хартија, извозот за 11 (единаесет) месеци од 2022 година е 24,8 илјади тони или 5,2 милиони американски долари, додека, пак, увозот за истиот период е 1,7 илјади тони или 669 илјади американски долари.

Кај индустријата за хартија и целулоза, кај графичката индустрија и кај издавачката дејност има недостиг од работна сила и недостиг од лица за одржување на машинскиот потенцијал во компаниите, што создава големи проблеми во тековното работење кај компаниите од овие индустриски гранки. Човечкиот капитал игра клучна улога за успешно работење на компаниите, за зголемување на нивната додадена вредност и за раст на извозниот потенцијал. За таа цел, пред компаниите беа претставени Советот за развој на тренинг и на обуки, како и активностите и организациските цели на Советот, особено на Центарот за дуално образование, на Центарот за преквалификација и за доквалификација и на Центарот за тренинг и обуки, но и оперативниот план на активни мерки за вработување и за услуги на пазарот на трудот за 2023 година.

# Презентирани актуелните состојби и тековните движења во текстилната и кожарската индустрија




На 24.1.2023 година во Стопанската комора на Северна Македонија се одржа работен состанок на Здружението на текстилната и на кожарската индустрија, на кој се дискутираше за актуелните состојби и тековните движења во текстилната и кожарската индустрија, за очекуваните ефекти од новото зголемување на минималната плата врз работењето на компаниите, како и за консултација со компаниите по работната верзија на новиот предлог на Законот за работни односи.

Претседателот на Здружението на текстилната и на кожарската индустрија, господинот Ангел Димитров, истакна дека текстилната и кожарската индустрија во Република Северна Македонија се од особено значење, како според бројот на вработените така и според извозот, при што во овој сектор особено дојдоа до израз претприемничките иницијативи, кои создаваат солидна материјална основа и кои претставуваат едни од водечките преработувачки индустрии во земјава, со значителни резултати во формирањето на БДП.

Оваа индустрија во Македонија во последните години е во тешка ситуација, а тоа



е резултат на повеќе услови. Прво, има недостиг од млад и стручен кадар кој би работел во оваа дејност, а, второ, проблем се и големото иселување на населението од државава, како и покачувањето на платите, кое не кореспондира со нивото на продуктивност во оваа дејност. Со новото усогласување на минималната плата, кое треба да биде од март оваа годината, во согласност со Законот треба да изнесува 50 % од порастот на трошоците за живот (кои се пораснати за 12,6 %) и 50 % од порастот на просечната нето-плата (која е пораснатa за 13,6 %). На ниво на стопанството, минималната плата севкупно ќе порасне за околу 13 % и ќе изнесува околу 20.400 денари, а со самото тоа растат и придонесите од вработен, кои треба да ги платат самите компании. Друг проблем е и тоа што 93 % од оваа индустрија се базира на лон-производство – се увезува готов материјал, а кај нас само се доработува, се шие и се пакува. Поради тоа цената од единица производ е мала, што е голем проблем за овие компании да продолжат со работа, а секако конкуренција се азиските пазари.

Бројот на вработени од година во година постепено се намалува, односно од 43.848 вработени во 2007 година, во 2021 година се движи на околу 35 илјади вработени во сите сектори на оваа дејност, што, сепак, претставува речиси 30 проценти од вработените во преработувачката индустрија. Исто така, извозот од година во година се зголемува, па за единаесет месеци од 2022 година извесува 580 милиони американски долари, што е околу 9 % од вкупниот извоз на ниво на државата.

На состанокот се дискутираше и за новиот предлог на Законот за работни односи, при што беа истакнати новините во однос на важечкиот закон во делот на одредбите со кои се уредуваат видовите договори за вработување, на уредувањето на работата од далечина, на работата од дома, на одредбите за платено отсуство (мајчинство) и за користење на родителското право, на инспекцискиот надзор и слично. Од компаниите беше истакнат проблемот со злоупотребата на боледувањето од вработените, како и барањето од компаниите да се намали бројот на денови кои се плаќаат за боледување, а кои се на товар на работодавците, од 30 дена на максимум 15 дена.

Исто така, на состанокот компаниите беа запознаени со делот за образованието, со актуелната состојба со дуалното образование и со процесот за вклучување на компаниите во реализацијата на практичната обука, а беше промовиран и Советот за развој на тренинг и на обуки. Им беше пренесена и можноста за искористување и за аплицирање во делот на активните мерки за вработување и на услугите на пазарот на трудот, т. е. оперативниот план за вработување за 2023 година, како и програмите за вработување што се опфатени со оперативниот план за вработување за оваа година.

# Одржана седница на Здружението на хемиската индустрија



Здружението на хемиската индустрија при Стопанската комора на Северна Македонија на ден 26.1.2023 година одржа работен состанок, на кој се дискутираше во врска со работната верзија на предлогот на Законот за данок за солидарност, но и се вршеа консултации со компаниите за новиот предлог на Законот за работни односи.

Претседателот на Здружението на хемиската индустрија, господинот Александар Чадиковски, истакна дека оваа индустрија во Република Северна Македонија е од особено значење за растот на БДП и на индустриското производство, како за бројот на вработените така и за извозот кој се реалира на годишно ниво. Оваа индустрија во Македонија во последните години е во тешка ситуација, се соочува со многу предизвици, а тоа е резултат на повеќе услови, како на пример пораст на цената на енергенсите и на суровините за производство, но и на огромниот пораст на цената на електричната енергија, која, просечно, минатата година изнесувала 275 евра



од MW/h. Секако дека ако една ваква ситуација продолжи и во наредниот период, би резултирало со намалена економска активност, што би имало голем, негативен, економски ефект во однос на профитабилноста, конкурентноста и ликвидноста на компаниите.

На состанокот се дискутираше во врска со работната верзија на предлогот на Законот за данок за солидарност, а целта од примената на овој закон е обезбедување финансиски средства преку данокот за солидарност, кои во целост ќе се користат за финансирање на програмата „Мерки за справување со кризата КОВИД 19 и други антикризни мерки заради обезбедување на општиот интерес“. Компаниите имаат многу забелешки за предлогот на Законот, при што укажуваат дека се доведуваат во понеповолна положба доколку инвестирале во претходните години, а оствариле помала добивка, во споредба со потенцијално зголемената добивка во 2022 година, која би се остварила како резултат на инвестициите. Беше истакнато дека воведувањето ваков данок создава несигурност кај инвеститорите и доведува до намалување на инвестициите, а со тоа се намалува и нивната конкурентност.

Исто така, се расправаше и за новиот предлог на Законот за работни односи, при што беа истакнати новините во однос на важечкиот закон во делот на одредбите со кои се уредуваат видовите договори за вработување, во однос на уредувањето на работата од далечина, на работата од дома, на одредбите за платено отсуство (мајчинство), како и на користењето на родителското право, на инспекцискиот надзор, колективните договори и слично. Од компаниите беше истакнато дека еден ваков закон, кој е од голема важност како за работодавците така и за работниците, мора да се доработи, да се тргнат сите недоречености кои постојат во него и да се донесе еден добар закон за работни односи, кој ќе биде вистински применлив во праксата.

Во следниот период компаниите членки на Здружението на хемиската индустрија продолжуваат да ја следат и да ја анализираат целокупната ситуација во оваа дејност, да ги воочуваат проблемите и да изнајдат мерки и решенија за справување со предизвиците кои им претстојат во наредниот период.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси


**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk




**Семинар 24.01.2023**

# РИЗИК-ФАКТОРИ ПОВРЗАНИ СО ПРЕСТАНОКОТ НА РАБОТНИОТ ОДНОС, НИВНО ПРЕПОЗНАВАЊЕ И МЕНАЏИРАЊЕ

Стопанската комора на Северна Македонија, на 24 јануари 2023 година, организира еднодневна онлајн работилница на тема: „Ризик-фактори поврзани со престанокот на работниот однос, нивно препознавање и менаџирање“.

Престанокот на работниот однос е една од темите која најчесто креира судир помеѓу интересите на работодавачите и оние на работниците, и поради тоа, е и честа причина за спорови. Заради минимизирање на шансите за појава на вакви спорови, потребно е да се препознаат сите ризик-фактори поврзани со институтот и да се управува со нив на начин што ќе се постигне законска усогласеност, а ќе се избегне прекршочна и судска одговорност.

Во рамки на работилницата, ќе се дискутира за законската поставеност на престанокот на работниот однос, при што почнувајќи од начините за престанување на договорот за вработување, па сé до интрикантноста на отказот, ќе се разглобат сите поединости на институот.

Ќе се анализира спогодбениот престанок на работниот однос, наспроти неговиот престанок по волја на една од договорните страни преку отказ од страна на работникот или од страна на работодавачот. Во поглед на отказот од работодавачот, особено ќе се анализираат основите за отказот.

Понатаму, ќе се развие дискусија и по однос на прашањата за отказните рокови, суспензијата од работа, како и паричната казна наместо отказ.

Работилницата ќе биде особено насочена кон севкупно информирање на слушателите за сите аспекти на дисциплинската постапка, условите и методите за нејзино спроведување, последователните дејствија по нејзиното заклучување, а ќе биде потенцирана и важноста од подготовката и примената на интерен акт за дисциплинска постапка.

Во насока на заокружување на правната поставеност на темата, ќе се дискутира и за некои од останатите законски предвидени основи за престанок на договорот за вработување.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Семинар 25.01.2023**

# Напредни Ексел функции за анализа на податоците: правила, логички функции, IF, AND & OR функции, LOOKUP, консолидација

Напредните алатки на Ексел, како што се работа со правила, логички функции, IF, AND и OR функции, INDEX и MATCH функции, DATE функции, LOOKUP функции, DATABASE функции, работа со апсолутни и релативни референци, консолидација на податоците спаѓаат во најважните и најчесто користените алатки во деловното планирање, макро и микроекономската анализа и носењето на одлуки.

Во свет во кој сме постојано опкружени со податоци, бројки, трендови и статистики, неопходно е да ги разбираме и да бидеме способни да ги користиме напредните ексел функции, бидејќи тие се дел од најважните алатки за носење на деловни одлуки.

Обуката е наменета за сите оние коишти сакаат да научат како да:

- Лесно анализираат големи бази на податоци во Ексел;
- Лесно средуваат нумерички и текстуални информации во Ексел;
- Препознаваат ситуации во кои примената на напредни Ексел алатки може да помогне во процесот на одлучување;
- Да спроведуваат едноставна анализа во пракса користејќи MS Excel и на тој начин да издвојуваат дополнителни информации од собраните податоци;
- Интерпретираат различни нумерички податоци прикажани во деловните извештаи или критички да пристапат во вреднувањето на статистичките податоци пред носењето на деловни одлуки.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

Семинар
26.01.2023

# РАЧНО ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ТОВАР - ОБВРСКИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД НОВИОТ ПРАВИЛНИК – Техничка и медицинска поддршка

Стопанската комора на Северна Македонија на 26 јануари 2023 година во соработка со Здружението на инженери за заштита ТУТЕЛА, Скопје, организира еднодневен семинар на тема: „ РАЧНО ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ТОВАР - ОБВРСКИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД НОВИОТ ПРАВИЛНИК – Техничка и медицинска поддршка “.

Оваа обука е дизајнирана да одговори пред се на потребите на стручните лица за безбедност при работа и работодавачите при имплементација на одредбите од новиот Правилник. Преку низа на системски методи и алатки кои се користат за решавање на проблеми, така што крајниот резултат од решавањето на проблемот не е само решен проблем, туку барем едно ниво подобрување на процесот и /или системот за управување. На овој начин би се придонело до градење на свеста кај вработените, дека проблемите се всушност предизвици, т.е. можности за подобрување на процесите и работењето.

Која е целта на семинарот?

Главната цел на семинарот е присутните да се запознаат со релевантните пристапи, т.е. методологии кои се користат за управување со проблемите и за запознавање со чекорите на методологиите кои после оваа обука ќе можат да ја применат на одреден проблем во нивната компанија. Тоа значи дека по завршување на семинарот учесниците ќе можат:

- Да ги разберат барањата на самиот Правилник;
- Да ја препознаат потребатата од примена на ситуации;
- Да се применат методологиите во пракса;

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Семинар
27.01.2023

# ПРИМЕНА НА НАПРЕДНИ ТАКТИКИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРОДАЖБАТА И МОТИВАЦИЈА ВО РАБОТНАТА СРЕДИНА

Целта на „онлајн“ семинарот е да се разработат тактиките кои се однесуваат на начинот на зголемување на продажбата, поголема самодоверба во нудење на производи или услуги, преземање иницијатива за продавање и пронаоѓање на потенцијални клиенти, користење на напредни алатки за продажба, развивање на позитивна работна средина и мотивација за успех. Продажбата е клучниот момент за функционирање на еден бизнис. Без разлика дали нудиме производ или услуга, бизнисот мора да продава. Колку повеќе се развива техниката за продажба, толку поголем приход ќе има. Предвидени се практични примери и вежби за решавање на приговори и справување со конфликти. Ќе се потенцира практичната примена на комуникациски вештини во продажба и применливи стратегии.

Семинарот е интерактивен со практични вежби и симулација на реални ситуации.

Целна група за семинарот:

-за сите сопственици и менаџери на компании кои се занимаваат со продажба и имаат желба да инкорпорираат нови техники и алатки за поголема продажба, директори за продажба и маркетинг, млади претприемачи кои сакаат да започнат свој бизнис како и за сите ентузијасти кои се подготвени да ги унапредат техниките на директна продажба и електронска трговија.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.twitter.com/Chamber_MK

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

100

*години*

Стопанска комора на Северна Македонија
ул.„Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел.: (02) 3244000, факс: (02) 3244088